# КАКО ДО ОДРЖЛИВО ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗАШТИТЕНИТЕ ПОДРАЧЈА?






Одржливото финансирање бара комбиниран модел:

- правна сигурност
- стабилна буџетска поддршка
- сопствени приходи
- екосистемски услуги
- донаторски средства и
- партнерства.

### 1 Итно уредување на правниот статус на заштитените подрачја

Без уреден правен статус не може да се воведат надоместоци, да се донесат планови за управување или да се склучуваат договори. Затоа, репрогласувањето е основен предуслов за секој понатамошен механизам за финансирање.

### 2 Планови за управување со задолжителна финансиска компонента

Плановите за управување не треба да бидат само формална обврска. Тие треба јасно да покажат колкави се финансиските потреби, кои извори на приходи се можни и како ќе се следи финансиската одржливост на подрачјето.

### 3 Стабилна и предвидлива буџетска поддршка

Заштитените подрачја не можат да се потпрат на нередовни и задоцнети исплати. Потребна е посебна и предвидлива буџетска поддршка што ќе овозможи редовно функционирање, планирање и справување со вонредни состојби како пожари, поплави и ерозија.

### 4 Зајакнување на финансиската основа на локалните самоуправи - управители

Голем дел од заштитените подрачја ги управуваат општини со ограничени буџети и мал број вработени. Затоа, државниот систем треба подобро да ги препознае овие обврски и да обезбеди минимален оперативен и финансиски капацитет за управување.

### 5 Операционализација на наплатата на надоместоци

Иако законот предвидува различни видови надоместоци, тие во пракса најчесто се применуваат само во националните паркови. Потребни се поедноставни процедури, јасни правила и техничка поддршка за и другите заштитени подрачја да можат да наплатуваат услуги и активности.

### 6 Искористување на туристичкиот потенцијал на заштитените подрачја

Природата може да биде основа за одржлив туризам што носи дополнителни приходи, без да се загрозат природните вредности. Со правилно насочување на туристичките такси и услуги, заштитените подрачја можат да придонесат и за локален развој и за сопствено финансирање.

### 7 Јакнење на правната основа за наплата на надоместоци за вршење дејност

Надоместоците за активности и дејности во заштитените подрачја не треба да зависат само од добра волја. Потребна е поцврста законска рамка што ќе им овозможи на управителите доследно и правично да ги наплатуваат законски предвидените приходи.

### 8 Овозможување на наплата на надоместоци за екосистемски услуги

Заштитените подрачја обезбедуваат вредни екосистемски услуги како чиста вода, чист воздух, заштита од ерозија и ублажување на климатските промени. За долгорочна финансиска стабилност, овие услуги треба да се валоризираат и системски да се вклучат во моделот на финансирање.

### 9 Развој на капацитети за привлекување и управување со донации и грантови

Во услови на ограничено јавно финансирање, подготвеноста за аплицирање на проекти и управување со грантови станува клучна. Потребни се обуки, заеднички настапи и институционална поддршка за повеќе управители да можат успешно да привлекуваат надворешни средства.

### 10 Соработка и партнерства

Заштитените подрачја не почнуваат од иста позиција, па затоа се важни размената на искуства, меѓусебната поддршка и заедничкото дејствување. Партнерствата меѓу управителите, институциите и граѓанските организации можат да го забрзаат развојот на поодржливи финансиски решенија.

Овој инфографик е изработен во рамки на проектот „Поддршка за одржливи финансиски модели за заштитени подрачја", имплементиран од Натура МК, во рамки на програмата за подгрантирање на проектот „Добро владеење во животната средина на Зелена Агенда за Западен Балкан", имплементиран од Центарот за правни истражувања и анализи, Македонското здружение на млади правници и Фронт 21/42, а е финансиски поддржан од Европската Унија.
Содржината на инфографикот е единствена одговорност на Натура МК и не треба на било кој начин да се смета за одраз на официјалниот став на Европската Унија